Почитувани,

Ве известуваме дека согласно измените и дополнувањето на Законот за персонален данок на доход, воведени се новини во постапката за пријавување и плаќање на персоналкиот данок на доход за физичките и правните лица. Измените пред се' се однесуваат на воведувањето на електронската пресметка за приход и данок, начинот на нејзиното изготвување и поднесување, како и укинувањето на годишните и месечните извештаи кои се доставуваа до Управата за Јавни Приходи.
Примената на електронското пријавување и плаќање на персоналниот данок на доход се врши со најава на системот **e-pdd.ujp.gov.mk**. Доколку физичкото лице не е регистрирано на системот, неопходно е истото да поднесе барање за регистрација до даночната канцеларија на УЈП. Правните субјекти пак, потребно е да се регистрирани на системот е-Даноци со дигитален сертификат.
Податоците за видот и износот на приходите се внесуваат онлајн и по извршената проверка за одобрување на пресметката, Управата за Јавни Прихходи на електронска пошта на обврзникот/подносителот ќе му достави рекапитулација за утврдување на аконтацијата на данок на доход, заедно со спецификација за пресметаните износи и збирен налог за плаќање.
Повеќе информации можете да најдете следниов линк:
http://www.ujp.gov.mk/m/javnost/soopstenija/pogledni/617